   

**ООУ ,, Тефејјуз‘‘- Чаир Скопје**
**ООУ ,, Петар Поп Арсов‘‘ – Карпош Скопје**

„ Проект за меѓуетничка интеграција во образованието “

# ИЗВЕШТАЈ

од спроведен заеднички проект

## Посета на музејот ,, Мајка Тереза‘‘

## Креативна работилница – Изработка на честитка за Мајка тереза

**Дата :** 20.03.2023 година
**Место:** Музеј ,,Мајка Тереза‘‘ Скопје

**Цел на проектот:**
- Да се запознаат учениците со животот и делото на Мајка Тереза.
- Да увидат дека Мајка Тереза е почитувана од целиот свет поради своите дела без разлика од која земја потекнува и на која нацоиналност и припаѓа.

**Реализатори на проектот :**

- 12 ученици од III одделение (6 женски, 6 машки) од ООУ „Петар Поп Арсов“ ( македонски наставен јазик)
- 12 ученици од IV одделение (6 женски, 6 машки) од ООУ „Тефејјуз“ ( турски наставен јазик)

Јелиз Ахмет (ООУ Тефејуз), Гордана Мисајловска(ООУ „Петар Поп Арсов“) и родители од ООУ „Тефејјуз“ и ООУ„Петар Поп Арсов“ кои ни помогнаа за транспорт на учениците од училиште до музејот.

Први чекори:

Пред спроведување на активноста ги информиравме родителите од кој добивме согласност за нивното учество во проектот. При реализацијата на проектот учествуваа и родителите.
Учениците од двете училишта имаа средби преку скајп со помош на наставниците.
Учениците, членовите од двете училишта беа вклучени во изборот на темата и планирањето на чекорите при нејзина реализација.

**Тек на проектот**

Во музејот на Мајка Тереза пристигнавме во 12:00 часот. Активноста започна со поздравување и на двата јазика на учениците меѓу себе. Беше организирано едукативно разгледување на музејот. Учениците се запознаа со животот и делата на Мајка Тереза. Ликот и делото на Мајка Терезе интерактивно го претстави кустосот на музејот Лина Герг која љубезно не поздрави на двата јазика македонски и турски. После предавањето учениците изработуваа честитки за Мајка Тереза во креативниот центар во музејот.

Учениците изработувајки ги честитките се дружеа меѓу себе како и родителите. Целата активност траеше 2 часа учениците, натавниците и родителите разговараа меѓу себе се дружеа. Целата активност ја снимавме и направивме краток филм како и фотографии. За време на активноста учениците од двете училишта се однесуваа според нормални правила на однесување. Беше воспоставена не само комуникацијата туку и дружење на учениците од двете партнер училишта.





| Конкретен чекор | Очекуван резултат | (Пред)услови | Реализатори | Термин (од/до) |
|---|---|---|---|---|
| **Избор на наставници** | Избрани наставници...<br>Од двете училишта се избрани училишта според критериумите на МИО активности | Средба со наставници<br>Пишани насоки за заеднички активности | Тимови за училишна интеграција | март |
| **Доделување простор и опрема** | Една просторија во едно училиште друга просторија во друго училиште, со по еден компјутер во секоја од нив | Непречена интернет врска и видеоврска/аудиоврска | Сит тимот | март |
| **Воспоставување контакт** | Меѓусебно запознавање на учениците:<br>18.03.2023 ООУ „Тефејјуз“<br>19.03.2023 ООУ „Петар Поп Арсов“ | Лични средби во двете училишта | СИТ тимот одделенски наставници, ученици | 18-19.03. 2023 |
| **Определување термин и место за одржување на активноста** | Избрано место и времето за реализација:<br>20.03.2023 г.<br>Музеј „Мајка Тереза“ - скопје | | Сит тимот<br>Одделенски наставници од I1 одделение | 20 март 2023 |

Координатор: Гордана Мисајловска